**20261783025**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 383 став (1) точка 1 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, на седница на Собранието на акционери одржана на ден 15.7.2026 година, донесе

### ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ВРШЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ПРИРОДЕН ГАС НОМАГАС СКОПЈЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Во Статутот на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.281/22, 84/23, 198/23, 28/25 и 152/25), во членот 7 ставот (3) се менува и гласи:

„Формата на печатот, штембилот и знакот на друштвото се уредува со посебен акт на друштвото.“.

Член 2

Членот 14 се менува и гласи:

„Друштвото во внатрешниот и надворешниот промет го застапува Претседател на Управен одбор/Генерален директор.“.

Член 3

Членот 15 се менува и гласи:

„Правата и обврските на собранието на друштвото ги врши Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини како единствен акционер, со седиште на ул.„Македонија“ бр.27, 1000 Скопје.

Единствен матичен број на единствениот акционер е 7769873.

Единствениот акционер на друштвото ги остварува правата и обврските согласно закон и овој статут, непосредно или преку лица овластени за застапување и претставување со закон или преку полномошник кој тој ќе го определи.“.

Член 4

Членот 17 се менува и гласи:

„Собранието на друштвото одлучува за прашања определени со закон и овој статут, а особено за:

- одобрување на годишната сметка, финансиските извештаи и годишниот извештај за работа на друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;

- одобрување на работа и на водењето на работењето со друштвото на членови на Управниот одбор;

- политиката за наградување на членовите на Управниот одбор, на предлог на Управниот одбор;

- избор и отповикување на членови на Надзорниот одбор;

- одобрување на работа и на водењето на работењето со друштвото на членови на Надзорниот одбор;

- политиката за наградување на членовите на Надзорниот одбор;

- зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;

- промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;

- престанување на друштвото;

- издавање акции и други хартии од вредност;

- назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;

- преобразба на друштвото во друга форма на друштво;

- статусни промени на друштвото;

- измена на Статут;

- одобрување на големи зделки и зделки со заинтересирана страна, во случаите кога согласно закон и Статутот одобрувањето е во надлежност на Собранието на друштвото;

- давање согласност на актот за утврдување на висината на бодот за пресметување на платите на вработените во акционерското друштво;

- одлучува за други прашања согласно закон и овој Статут.“.

Член 5

Членот 18 се менува и гласи:

„Управувањето на друштвото е организирано според двостепен систем (Управен одбор и Надзорен одбор).

Управниот одбор е составен од пет члена.“.

Член 6

Насловот на членот 19 и членот 19 се менуваат и гласат:

**„Управен одбор**

Член 19

Членовите на Управниот одбор ги избира и ги разрешува Надзорниот одбор, со мнозинство гласови. Со одлуката за избор на членовите на Управниот одбор, еден од членовите на Управниот одбор се именува за Претседател на Управниот одбор/Генерален директор и еден за Заменик претседател/Заменик Генерален директор.

Претседателот на Управниот одбор го застапува друштвото во односите со трети лица за сите работи и носи назив Генерален Директор.

Претседателот на Управниот одбор ги има следните надлежности:

- го претставува и застапува друштвото без ограничување во внатрешниот и надворешниот трговски промет;

- го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Собранието и на Управниот одбор на друштвото;

- го организира и го раководи процесот на работа работењето на друштвото;

- предлага внатрешна организација на друштвото;

- склучува договори;
- ја организира и обезбедува работната дисциплина во друштвото;
- ја обезбедува законитоста во работата и примената на прописите, овој Статут и другите акти на друштвото;
- формира стручни комисии и работни тела;
- го информира Управниот одбор и/или Надзорниот одбор за одделни прашања од работењето на друштвото;
- за работите од својата надлежност издава акти, упатства, налози и наредби со кои се обезбедува работењето на друштвото;
- ги свикува состаноците на Управниот одбор;
- дава предлог за дневен ред кој го утврдува управниот одбор и претседава/раководи со состанокот со членовите на Управниот одбор, и е одговорен за водење на записникот од состаноците;
- го организира и надгледува функционирањето на Управниот одбор;
- се грижи за соодветно и благовремено доставување на информации и материјали потребни за работа на Управниот одбор;
- се грижи за правилно, ефикасно и благовремено вршење на овластувањата што со овој Статут и Законот за трговски друштва му се доверени на Управниот одбор;
- врши други работи во врска со работењето на друштвото.

Членовите на Управниот одбор имаат еднакви права и обврски без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот и се подеднакво одговорни за работењето на друштвото.

Работите ги вршат заедно според овластувањата определени со закон и според работите што им се доверени во согласност со Закон и Статутот.

Со одлука на Управниот одбор донесена со мнозинство гласови може да се изврши распоред на овластени членови во соодветна област, прашања и работи, односно да се определи кој член на Управниот одбор ќе биде задолжен за која област од работењето на друштвото.

Заменикот Претседател на Управен одбор/Генерален директор го заменува Претседателот/Генералниот директор во случај кога тој е отсутен или кога поради болест и други причини не е во можност да ја врши својата функција, со сите негови овластувања и одговорности во раководењето.

Заменикот во соработка со Претседателот врши работи од надлежност на Претседателот на Управен одбор што тој ќе му ги довери.“.

Член 7

Насловот на членот 20 и членот 20 се менуваат и гласат:

**„Овластувања и надлежност на Управниот одбор**

Член 20

Управниот одбор управува со друштвото и во тие рамки го води работењето на друштвото под сопствена одговорност. Управниот одбор има најшироки овластувања во управувањето со друштвото, односно во вршење на сите работи сврзани со водењето на работите и тековните активности на друштвото и да дејствува во сите околности од име на друштвото во рамките на предметот на работењето на друштвото со исклучок на овластувањата коишто изречно му се дадени на Собранието и на Надзорниот одбор.

Управниот одбор согласно закон и овој Статут, како и одлуките на Собранието на друштвото, ги врши следните работи:

- донесува Програма за работа, програма за развој, Годишен план за работа и Годишен финансиски план на друштвото;
- ја утврдува и води деловната политика на друштвото;
- донесува општи и поединечни акти чие што донесување не е во надлежност на Собранието;
- ги донесува сите акти кои се предвидени со прописите за енергетика а се однесуваат на вршењето на енергетската дејност на друштвото;
- ги донесува плановите и програмите за работа на друштвото и дава насоки за нивно спроведување;
- назначува раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото;
- одлучува за организациски промени;
- донесува одлуки за инвестиции;
- одлучува за набавка на основни средства;
- одлучува за внатрешната организација на друштвото и систематизација на работните места;
- донесува акти за внатрешна организација, систематизација и вреднување на работните места во друштвото, како и за уредување на прашања од областа на работните односи;
- поднесува иницијатива за изменување и дополнување на Статутот;
- донесува правилник за деловна тајна;
- одлучува за основање и престанување на подружница;
- одлучува за стекнување или отуѓување на недвижен имот и стварни права врз нив, кои не се во надлежност на Собранието;
- изготвува тримесечни извештаи за работата и материјално-финансиското работење на друштвото, кои ги доставува до Надзорниот одбор;
- поднесува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на друштвото по истекот на деловната година;
- изготвува предлог за распоредување на добивката, кој го поднесува до Собранието на друштвото;
- донесува Деловник за работа на Управниот одбор;
- одлучува за склучување договори за кредит и засновање на залог, согласно одредбите од закон и овој статут;
- организирање на работата на друштвото, обезбедување на стопанисувањето и чувањето на имотот на друштвото;
- се грижи и презема потребни дејствија за исполнување на со закон пропишани обврски на Друштвото;
- изготвува предлог за зголемување и намалување на основната главнина на друштвото;
- дава согласност за службените патувања во странство, во случај кога патуваат повеќе од тројца вработени од друштвото;
- одлучува за именување и разрешување на членовите во комисиите, предвидени со актите на Друштвото;
- одлучува за вршење попис на средствата, побарувањата и обврските;
- формира комисии од редот на членовите на Управниот одбор и од други лица;
- и врши други работи од надлежност утврдена со Законот и актите на друштвото.

На секои три месеци Управниот одбор донесува тримесечни финансиски извештаи за работата на Друштвото.

Надзорниот одбор врши надзор на донесените тримесечни финансиски извештаи и за тоа го известува Собранието на акционери.“.

Член 8

Членот 21 се менува и гласи:

„Управниот одбор, при подготвување и спроведување на одлуките на друштвото, особено е должен:

- на барање на Собранието на друштвото да ги подготви општите акти и одлуките чие што донесување е во надлежност на Собранието на акционери;
- да ги подготви договорите кои што можат да се склучат само со согласност на Собранието на друштвото;
- да ги извршува одлуките кои што Собранието на друштвото ги донесува во рамките на својата надлежност;
- да врши и други работи коишто согласно закон и овој Статут ги има кон Собранието а кои се во рамките на неговата надлежност.“.

Член 9

Членот 22 се менува и гласи:

„Членовите на Управниот одбор се бираат за време од 4 (четири) години.

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се определуваат со Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и членот на Управниот одбор.

Договорот од став 2 од овој член го склучува Надзорниот одбор, а го потпишува Претседателот на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор може во кое било време, со или без образложение, да ги отповика сите членови на управниот одбор, односно негов член. Надзорниот одбор на истата седница избира нови членови на управниот одбор, односно нов член на местото на отповиканите членови, односно на отповиканиот член. Одлуката за отповикување влегува во сила од денот на донесувањето.“.

Член 10

Членот 23 се менува и гласи:

„Членот на Управниот одбор може да поднесе оставка во било кое време со поднесување писмено известување до органот што го избрал, освен кога интересите на друштвото не наложуваат нешто друго.

Кога интересите на друштвото го наложуваат тоа, Управниот одбор може да го обврзе членот кој дал оставка да продолжи да ја врши функцијата се до изборот на нов член на Управниот одбор, но не подолго од 60 дена.“.

Член 11

Насловот на членот 24 и членот 24 се менуваат и гласат:

**„Состаноци на Управниот одбор**

Член 24

Управниот одбор се состанува по потреба, а задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци во текот на годината, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржување на годишно Собрание.

Состанок на Управниот одбор се свикува од страна на Претседателот на Управниот одбор по негова иницијатива, по барање на акционерот на друштвото или по барање на член на Управниот одбор и на Надзорниот одбор.

Свикувањето на состанок на Управниот одбор се врши со известување во кое се наведуваат: местото, датумот, часот на одржувањето на состанокот и предложениот дневен ред.

Известувањето може да биде по факс, по електронски пат (е-маил), или по телефон.

Известувањето треба да биде доставено најмалку три дена пред одржувањето на состанокот. Заедно со известувањето се доставуваат и материјалите кои ќе бидат разгледувани на состанокот.

Во итни случаи рокот од став 5 на овој член, може да биде и покус, но не покус од 24 часа пред одржување на состанокот.

Управниот одбор може да заседава и да донесува одлуки само ако на состанокот присуствуваат мнозинството членови на Управниот одбор.

Управниот одбор ги донесува одлуките со мнозинство гласови на присутни членови на Управниот одбор.

Управниот одбор може да работи и да донесува одлуки на состанок организиран со користење на конференциска телефонска врска или со користење на друга аудио и визуелна комуникациска опрема, со тоа што сите лица кои учествуваат на така организираниот состанок можат да се слушаат, да се гледаат и да разговараат еден со друг. Учеството на ваквите состаноци се смета за присуство и лично учество на лицата кои се вклучени на овој начин.

Учеството на така оранизираниот состанокот се запишува во записникот на Управниот одбор кој го потпишуваат сите членови што учествувале на состанокот.“.

Член 12

Членот 25 се менува и гласи:

„За работата на состаноците на Управниот одбор се води записник. Записникот мора да се изготви во рок од три дена од денот на одржувањето на состанокот.

Записникот содржи податоци за начинот на којшто работел Управниот одбор (на состанок или на друг начин) за текот на состанокот на Управниот одбор, времето и местото на одржување, дневен ред на состанокот, лица кои присуствувале, дискусиите по точките од дневен ред, прашањата кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за" и „против" одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може, по барање на членот кој гласал „за" и „против" да се внесе и причината зошто така гласал.

Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот.

За одлуките за донесување на Годишна инвестициона програма, План за јавни набавки, доделување на финансиска помош како што се заеми, донации, спонзорства, за износи над 50.000 ЕУР во денарска противвредност во записникот задолжително се внесуваат податоци за гласањето на секој член поединечно со образложение за причините за гласањето.

Записникот го потпишуваат сите членови на Управниот одбор кои биле присутни на состанокот. Записникот го потпишува и Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство член на Управниот одбор кој по овластување на Претседателот претседавал со состанокот.

Доколку некој од присутните членови, одбива да го потпише записникот од седницата на која присуствувал, тогаш Претседателот, односно членот кој по овластување на Претседателот претседавал со седницата на крајот од записникот ќе се внесе забелешка со

назнака дека членот кој присуствувал во работата на седницата одбива да го потпише записникот, забелешката ја потврдува Претседателот односно членот на одборот кој претседавал со седницата. Во случај кога Претседателот кој присуствувал на седницата, одбива да го потпише записникот, забелешката ја потврдуваат другите членови на Управниот одбор кои биле присутни на седницата.

Одлуките на Управниот одбор се изготвуваат веднаш по одржувањето на седницата врз основа на потпишаниот записник од седницата.

Останатите работи во врска со работењето на Управниот одбор се регулираат со Деловник за работа.".

Член 13

Членот 26 се менува и гласи:

„Управниот одбор може да одлучува и без одржување состанок по предходно одобрение од Надзорен одбор и ако сите членови на Управниот одбор дадат согласност за одлуката којашто се донесува без одржување состанок.

За сите одлуки донесени без одржување на состанок, Претседателот на Управниот одбор или лицето овластено од него подготвува записник во којшто се евидентираат одлуките. Записникот го потпишува Претседателот на Управниот одбор, а во негово отсуство член на Управниот одбор, најдоцна во рок од 30 дена од денот на давањето согласност за одлуката којашто ја донеле без одржување состанок.

Одлуките донесени без одржување на состанок влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на сите членови на Управниот одбор, освен ако во одлуката не е утврден друг датум на влегување во сила. Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот на одлуката.".

Член 14

Насловот на членот 28 и членот 28 се менуваат и гласат:

**„Надзорен одбор**

Член 28

Надзорниот одбор има пет члена.

Членовите на надзорниот одбор ги избира Собранието.

Два од членовите на Надзорниот одбор се независни членови.

Независниот член се избира од редот на стручни лица, при што еден независен член со работно искуство од областа на финансиското работење и еден независен член со работно искуство од областа на правните работи, чија работа се заснова на принципот на независност и непристрасност.

Мандатот на членовите на Надзорен одбор трае 4 (четири) години, со тоа што секоја година, годишното Собрание одлучува за одобрување на работата на секој од членовите одделно, по што се избираат нови членови на местото на оние чија работа не е одобрена.

Член на Надзорен одбор не може да биде лице кое е вработено во Друштвото".

Член 15

Насловот на членот 29 се брише и членот 29 се менува и гласи:

„Надзорниот одбор, од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор, избира Претседател на Надзорниот одбор.

Надзорниот одбор може да го разреши Претседателот во кое било време и да избере нов Претседател.

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува седниците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и на одлучување на Надзорниот одбор.

Ако Претседателот на Надзорниот одбор од кои било причини не е во можност да ја врши функцијата или е отсутен, со состаноците на Надзорниот одбор претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство гласови на присутните членови на Надзорниот одбор.“.

Член 16

Членот 30 се менува и гласи:

**„Овластувања на Надзорниот одбор**

Член 30

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор.

Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока. Надзорниот одбор за вршење одделни стручни работи од надзорот може да задолжи одделни членови на одборот, овластениот ревизор или стручни лица.

На Надзорниот одбор не можат да му бидат пренесени овластувања во врска со управувањето со друштвото освен ако со овој Статут не е поинаку определено. За определени видови работи по исклучок Управниот одбор може да одлучува само со предходно одобрение на Надзорниот одбор. Доколку Надзорниот одбор одбие да даде одобрение, Управниот одбор, со образложение поднесено во писмена форма може да бара одобрение од Собранието.

Со претходно одобрение на Надзорниот одбор, Управниот одбор одлучува за:

1. намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;
2. суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
3. воспоставување долгорочна соработка со други друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;
4. донесување на Годишна инвестициона програма, План за јавни набавки, доделување на финансиска помош како што се заеми, донации, спонзорства, за износи над 50.000,00 ЕУР во денарска противвредност;
5. склучување на голема зделка која што се однесува на имот чијашто проценета вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото.

Надзорниот одбор го разгледува и усвојува извештајот на Службеникот за усогласеност.

Надзорниот одбор го застапува друштвото спрема членовите на Управниот одбор.”.

Член 17

Насловот на членот 31 и членот 31 се менуваат и гласат:

**„ Состаноци на надзорниот одбор**

Член 31

Секој член на Надзорниот одбор или на Управниот одбор, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од Претседателот на Надзорниот одбор да свика состанок на Надзорниот одбор. Состанокот мора да се одржи во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

Надзорниот одбор, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеци, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното Собрание.

Надзорниот одбор може да одржува и други состаноци што ги свикува Претседателот на Надзорниот одбор или кои се свикани на барање на некои од членовите на одборот, овластениот ревизор или друго лице определено со овој Статут и акционерот во Друштвото.

Барањето за состанок од ставот 3 на овој член се доставува во писмена форма до Претседателот на Надзорниот одбор. Доколку Претседателот не го свика состанокот по поднесено писмено барање во рокот од став 1 на овој член, членовите на Надзорниот одбор можат да свикаат состанок согласно член 356 став 3 од Законот за трговски друштва.“

Член 18

Членовите 31-а, 31-б и 31-в се бришат.

Член 19

Насловот на членот 32 и членот 32 се менуваат и гласат:

**„Службеник за усогласеност**

Член 32

Надзорниот одбор назначува Службеник за усогласеност по претходно одобрување од страна на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во натамошен текст: Регулаторната комисија за енергетика).

Надзорниот одбор може да го разреши Службеникот за усогласеност по претходно одобрение од Регулаторната комисија за енергетика. По барање на Регулаторната комисија за енергетика, Надзорниот одбор го разрешува службеникот за усогласеност заради не-исполнување на условите за независност или стручност согласно Законот за енергетика.

Друштвото е должно на службеникот за усогласеност да му ги даде на увид сите податоци и информации потребни за остварување на неговите овластувања и по негово барање да му овозможи пристап до сите простории во кои друштвото ја врши својата дејност.

Службеникот за усогласеност е должен да:

- го следи спроведувањето на програмата за усогласеност и да изработи и достави до Регулаторната комисија за енергетика годишен извештај за преземените мерки за нејзино спроведување;
- доставува извештаи и препораки во однос на реализацијата на програмата за усогласеност до надзорниот одбор;

- ја известува Регулаторната комисија за енергетика за значителни прекршувања во спроведувањето на програмата за усогласеност.

Надлежните сектори во друштвото кои ги изготвуваат предлогот за инвестициски план или предлозите на одлуки за поединечни инвестиции во системот за пренос на гас, се должни овие предлози да ги достават до Службеникот за усогласеност, истовремено кога ги доставуваат до Претседателот на Управниот одбор.

Службеникот за усогласеност ги доставува до Регулаторната комисија за енергетика предложениот инвестициски план или предложените одлуки за поединечни инвестиции во системот за пренос на гас. Одлуките се доставуваат и до Надзорниот одбор заради информирање односно одлучување.

Управниот и Надзорниот одбор и раководните лица на друштвото се должни да го повикаат Службеникот за усогласеност да присуствува на сите закажани состаноци и да му ги достават сите потребни материјали, а особено кога се одлучува за:

1. условите поврзани со услугите за пристап и користење на системот за пренос на гас, а особено во однос на надоместоците за користење, доделувањето на преносниот капацитет и управувањето со загушувањата;

2. проекти поврзани со управувањето, одржувањето и развојот на системот за пренос на гас, вклучувајќи ги и инвестициите во приклучоците и во интерконективните капацитети и

3. набавка или продажба на гас неопходен за функционирање на системот за пренос на гас, вклучувајќи ги и системските услуги за балансирање.

Мандатот или условите за вработување на Службеникот за усогласеност, вклучувајќи го и времетраењето на неговиот мандат или вработување, работењето, овластувањата, правата, обврските како и условите за именување и разрешување на службеникот за усогласеност подетално се уредуваат со правилник за услови и начин на работа на Службеникот за усогласеност.

Правилникот од став 1 од овој член го донесува Надзорниот одбор по претходно одобрување на Регулаторната комисија за енергетика.

За време на својот мандат, службеникот за усогласеност не може да извршува друга професионална дејност, ниту да има интерес или деловен однос, директно или индиректно, со друштво од енергетскиот сектор или со неговите содружници или акционери.“.

Член 20

Членот 33 се менува и гласи:

„Член на Управен и Надзорен одбор како и членови на нивните семејства (сопружници, родители и деца) без одобрение на Управниот односно Надзорниот одбор не смее:

- за своја или туѓа сметка да врши работи кои што спаѓаат во предметот на работењето на друштвото;

- да врши друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице;

- да биде член на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење; и

- во просториите на друштвото да врши работи за своја сметка или за туѓа сметка.

Пред изборот на физичко лице за член во Управниот одбор односно Надзорен одбор, кандидатот во писмена форма, го известува Собранието на друштвото за сите свои дејности и активности во друго друштво, платени и неплатени, кои ги врши за сопствена сметка или за сметка на било кое друго лице.

Собранието на друштвото мора да биде известено на првата наредна седница за даденото одобрение од ставот 1 на овој член.

Ако член на Управниот одбор односно Надзорниот одбор постапи спротивно на забраните од став 1 на овој член, односно премолчи релевантен факт во известувањето од ставот 2 на овој член, друштвото може:

- да бара надомест на штета, или
- да бара на друштвото да му се отстапи правната работа што ја склучил за своја сметка и му ја даде користа што потекнува од правната работа склучена за своја или за туѓа сметка.".

Член 21

Членот 34 се менува и гласи:

„Членовите на Управниот и Надзорниот одбор се должни како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци што на кој било начин се однесуваат на работењето на друштвото, а кои ги добиле како доверливи.

Обврската од ставот (1) на овој член трае и по престанувањето на мандатот на член во Управен и Надзорен одбор.

Обврската од ставот (1) се однесува и на вработените во друштвото.".

Член 22

Членот 35 се менува и гласи:

„Член на Управниот одбор односно Надзорен одбор особено ќе се смета за одговорен за штета ако спротивно на законот за трговски друштва:

- на единствениот акционер му го врати она што тој го вложил во друштвото;
- на единствениот акционер му исплати камата или дивиденда;
- запише, стекне или земе во залог или ако ги повлече акциите на друштвото;
- го раздели имотот на друштвото;
- изврши исплата по настанувањето на неспособноста на друштвото за плаќање, односно по настанувањето на презадолженоста на друштвото;
- поднесе невистинита годишна сметка и финансиски извештај;
- ги злоупотреби и неовластено ги користи средствата на друштвото; и
- при условно зголемување на основната главнина издаде акции, спротивно на целта, или издаде пред акциите од претходната емисија да бидат уплатени во целост.".

Член 23

Членот 36 се менува и гласи:

„Управниот одбор односно Надзорниот одбор може да формира една или повеќе комисии од редот на своите членови и од други лица.

Комисиите не може да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Управниот одбор односно Надзорниот одбор, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

Сите активности на комисиите подлежат на одобрение од страна на Управниот одбор односно Надзорниот одбор.

Начинот на работа на комисиите се уредува со Деловник за работа.".

Член 24

Членот 37 се менува и гласи:

„Според големината, секоја голема зделка мора да биде одобрена од Надзорниот одбор или Собранието на Друштвото.

Одлука за одобрување на секоја голема зделка којашто се однесува на имот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, се донесува со согласност на сите членови на Надзорниот одбор.

Ако не се постигне согласноста од ставот (2) на овој член за одобрување голема зделка, Надзорниот одбор, може да одлучи големата зделка за којашто треба да се донесе одлука да ја поднесе на одобрување на Собранието на Друштвото.

Одлуката за одобрување голема зделка, чијшто предмет е имот чијашто вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на друштвото, ја донесува Собранието на друштвото.

Надзорниот одбор, на Собранието на Друштвото му поднесува писмено известување за големата зделка, во коешто наведуваат дека Собранието на Друштвото треба да го разгледа предлогот за големата зделка и нивната препорака, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува страната, односно страните на зделката, корисникот, односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.

Во случај ако за остварувањето на големата зделка член на Надзорниот одбор има личен интерес, односно е заинтересирана страна за нејзиното одобрување, се применуваат одредбите од Закон за трговски друштва што се однесуваат на зделки на заинтересирана страна.".

Член 25

Членот 38 се менува и гласи:

„Секоја зделка со заинтересирана страна е предмет на претходно одобрување од Надзорниот одбор, или на Собранието на Друштвото.

Одлука за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на Надзорниот одбор, кои немаат интерес во зделката согласно член 457 од Закон за трговски друштва. Ако сите членови на одборот се заинтересирани страни или ако бројот на членовите на Надзорниот одбор кои немаат интерес е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на Надзорниот одбор, таквата зделка ја одобрува Собранието на Друштвото.

Во одлуката со која се одобрува зделка со заинтересирана страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

Во постапката на одобрување зделка со заинтересирана страна цената на имотот или услугите кои се продаваат или се купуваат со неа ги определува Надзорниот одбор.".

Член 26

Во членот 39 во ставот (1) после третата алинеа се додаваат две нови алинеи кои гласат:

„ – стечај;

- ликвидација.".

Член 27

Членот 40 се менува и гласи:

„Сите акти што ги донесува Собранието на друштвото, Надзорниот одбор и Управниот одбор се објавуваат на веб страницата или на огласна табла на друштвото.

Актите кои се предвидени со прописите за енергетика, а се однесуваат на вршењето на енергетската дејност на друштвото задолжително се објавуваат во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страната на друштвото.".

Член 28

Членот 41 се менува и гласи:

„Постапка за измена на овој Статут можат да покренат Управиот одбор, Надзорниот одбор и единствениот акционер. Иницијативата за промена на статутот се доставува до Управниот одбор.

Предлогот на одлуката за измена на овој Статут, го утврдува Управниот одбор и го доставува до Собранието на друштвото. Утврдениот предлог за одлука за измена на Статутот мора да биде образложен.".

Член 29

Со оваа одлука се овластува Надзорниот одбор на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост да изготви пречистен текст на Статутот на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост.

Член 30

Оваа одлука влегува во сила на денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Донесувањето на одлука за изменување на Статутот на Акционерско друштво за вршење на енергетска дејноста НОМАГАС Скопје во државна сопственост, се заснова на член 383 став (1) точка 1) и член 418 став (1) од Законот за трговските друштва според кои собранието одлучува за измена на статутот, односно одлуката за измена на статутот ја донесува собранието.

НОМАГАС АД Скопје го има наследено еднostепениот систем на управување со Друштвото како последица од статусната промена спојување на ГА-МА АД Скопје со НЕР АД Скопје. Со спојувањето во едно правно лице НОМАГАС АД Скопје се соединети претходно вршените работи, пренос на гас кое го вршеше само ГА-МА АД Скопје и изградба на државната гасоводна мрежа што го вршеше само НЕР АД Скопје. Ова го зголеми бројот на вработени и ја прошири организационата формација на Друштвото со кои се управува и раководи од органот на управување, односно го оптовари капацитетот на извршливост на раководната функција ако се врши само од еднostепен систем како што било во правните претходници пред спојкувањето. Дополнително во текот на 2025 година е зголемен бројот на вработени.

Потребата од изменување на Статутот произлегува од уредување на управувањето во двостепен систем на управување со Управен одбор и Надзорен одбор е со цел да се постигне поголем степен на ефикасност, ефективност, извршливост, отчетност и поделба на работите во управувањето со Друштвото. Ваквиот систем се очекува да обезбеди поефикасно раководење со оглед на потребите кои произлегуваат на среднорочен план за инвестициона изградба на магистрални гасоводи и интерконекциски гасни водови согласно инвестиционите програми и плановите на европските енергетски политики во сферата на гасот.

Двостепениот систем обезбедува подобро раководење со поделба на одговорноста и вкрстено вршење на работите во раководењето со Друштвотошто е според прописите за финансиско управување и контрола.

Систем на управување обезбедува унифициран систем во управување за единствениот акционер, како е со другите државни енергетски трговски друштва МЕПСО АД Скопје и ЕСМ АД Скопје каде што веќе функционира двостепен систем со Управен одбор и Надзорен одбор.

Претседавач на Собрание
на акционери,
Министер за енергетика,
рударство и минерални
суровини,
**Сања Божиновска,** с.р.

Бр. 02-10034/1
15 јули 2026 година
Скопје